**Известување за концентрација со која Спрингтиде Вентурес с.р.о. од Република Чешка и Трикветра АГ од Лихтенштајн ќе стекнат заедничка контрола над ИнСтар Технологиес с.р.о. од Република Чешка**

**(предмет бр. 08-152 од 2023 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 16.10.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на Спрингтиде Вентурес с.р.о. со седиште на Европска 866/71, Воковице, 160 00 Прага 6, Република Чешка и Трикветра АГ со седиште на Ландштрасе 99, 9494 Шан, Лихтенштајн над ИнСтар Технологиес с.р.о. со седиште на Мрштикова 399/2а, Либерец III – Јераб, 460 07 Либерец, Република Чешка.

-**Спрингтиде Вентурес с.р.о.** е компанија одговорна за идентификување на можностите за инвестирање во ризичен капитал и одржување и управување со такви инвестиции, фокусирајќи се на технолошки старт-ап. Сите други активности, главно консултантски услуги, се само помошни, на пр. изнајмување на недвижности, станбен и деловен простор, посредување во трговијата и услуги за обезбедување софтвер, консалтинг во областа на информатичката технологија, обработка на податоци, хостинг и сродни активности и веб портали, советодавни и консултантски активности, подготовка на стручни мислења. Компанијата е 100% подружница на ККЦГ Технологиес с.р.о. што е индиректно контролирано од ККЦГ АГ. ККЦГ АГ е холдинг компанија која презема и управува со удели во портфолио компании. Групацијата ККЦГ АГ е приватна инвестициска групација која е застапена во следните области:

- лотарија и забава: работа на лотарии и игри за обложување, грепки и платформи за онлајн игри;
- енергија: особено, истражување и производство, дупчење и услуги, складирање енергија, тргување, снабдување и обновлива енергија;
- технологија: обезбедување на ИТ услуги, инвестиции во технолошки старт-ап и истражување и развој („ИиР“) и продажба на иновативни медицински уреди за да им се помогне на пациентите да останат активни и самодоволни (биотехнологии); и
- недвижен имот: комерцијален и резиденцијален развој.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

-Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со седиште на Булевар Киро Глигоров бр.2 Скопје, Гази Баба со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;

-Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со седиште на Булевар Киро Глигоров бр.2 Скопје, Гази Баба со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;

-Киншифт ДООЕЛ Скопје, порано со назив Сеавус ДООЕЛ Скопје, со седиште на 11-ти Октомври бр.33А, Центар 1, Скопје, со приоритетна дејност - компјутерско програмирање;

-Друштво за едукација Сеавус едукативен центар и развој ДООЕЛ Скопје, со седиште на 11-ти Октомври бр.33А, Центар 1, Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место и

-Друштво за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје со седиште на Филип Втори Македонски бр.3/кат 4 канцеларија бр.4003 Скопје- со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

-**Трикветра АГ** е само холдинг компанија за ИнСтар и нема други активности.

Трансакцијата е поврзана со стекнување од страна на Спрингтиде Вентурес с.р.о. и Трикветра АГ на заедничка контрола над ИнСтар. ИнСтар е компанија која има дејност во областа на ИиР, производство, дистрибуција и продажба на фармацевтски и козметички производи, медицински помагала или додатоци во исхраната (за човечка и животинска употреба) користејќи нанотехнологии.

Релевантен пазар за концентрацијата е пазарот на истражување и развој во биотехнологијата и фармацевтските производи фокусирани на системи за орална испорака во Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

19.10.2023 година

Скопје